ЕСМ ПРОДАЖБА

Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ
Бр. 09-686/1
01.03. 2023 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА СКЛУЧЕНИТЕ ДОГОВОРИ СО ПОТРОШУВАЧИТЕ ОД ПРЕХРАНБЕНА ИНДУСТРИЈА

ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје ги известува сите потрошувачи на електрична енергија, физички и правни лица регистрирани за вршење на приоритетна дејност-главна приходна шифра дефинирани во член 1 на Одлуката за преземање на мерки во услови на постоење кризна состојба во снабдување со електрична енергија ("Службен весник на РСМ" бр. 232/22 и 247/22), кои имаат склучено Договор за снабдување со електрична енергија по цена од 80 евра/MWh (за прехрана), за следното:

Владата на Република Северна Македонија на ден 28.2.2023 година донесе Одлука за престанување на важењето на Одлуката за преземање на мерки во услови на постоење кризна состојба во снабдување со електрична енергија ("Службен весник на РСМ" бр. 232/22 и 247/22), објавена во "Службен весник на РСМ" бр. 44/23 од 28.02.2023 година.

Со оглед дека престанува основот за склучениот договор, согласно дел 5, точка 5.1 став 4 од Договорот за снабдување со електрична енергија, **ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје како снабдувач, ги известува сите потрошувачи дека еднострано ги раскинува Договорите за снабдување со електрична енергија кој престанува да важи на 31.03.2023 година во 24:00h.**

Воедно известуваме дека на 01.03.2023 година сите потрошувачи од оваа категорија ќе добијат известувања по електронски пат од страна на ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје за едностарно раскинување на Договорот.

Сите потрошувачи се должни да ги подмират сите обврски согласно издадените фактури и утврдени рокови за плаќање, односно најдоцна до 20.04.2023 година.

Поради престанок на мерката, ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје известува дека, ќе го извести Операторот на дистрибутивниот систем дека почнувајќи **од 00:00h на 01.04.2023 година** прекинува снабдувањето со електрична енергија од ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје и соодветно на тоа, потрошувачите ќе треба да обезбедат снабдување со електрична енергија за своите потреби со нов Снабдувач, со снабдувачот кој е ставен во мирување согласно член 2 од Одлуката за преземање на мерки во услови на постоење кризна состојба во снабдување со електрична енергија или да бидат снабдувани од снабдувач во краен случај.

ЕСМ Продажба ДООЕЛ Скопје ги известува сите потрошувачи дека им стои на располагање доколку им е потребна стручна помош за промена на снабдувач.

**01.03.2023 година**

**ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје**
**Управител,**
Златко Пиперкоски

Ул.11 Октомври бр.9, Скопје, Р.С.Македонија; тел:+389 02 3149 157, факс. +389 02 3124 446; e-mail:elemtrejd@elem.com.mk